Александар ДОНСКИ

АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ НЕ БИЛЕ ГРЦИ!

ОДГОВОР НА ПИСМОТО УПАТЕНО ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА САД Г-ДИН БАРАК ОБАМА ОД СТРАНА НА ИЗВЕСЕН БРОЈ ПРОГРЧКИ ОРИЕНТИРАНИ АВТОРИ

Александар ДОНСКИ

АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ НЕ БИЛЕ ГРЦИ!

ОДГОВОР НА ПИСМОТО УПАТЕНО ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА САД Г-ДИН БАРАК ОБАМА ОД СТРАНА НА ИЗВЕСЕН БРОЈ ПРОГРЧКИ ОРИЕНТИРАНИ АВТОРИ

Институт за историја и археологија при
Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип
Република Македонија

Издавач:
МНЛД „Григор Прличев“ - Сиднеј
ЕМАРИ - Штип

За издавачот:
Душан РИСТЕВСКИ
Марија КУКУБАЈСКА

ISBN 978-0-9804813-8-9

Штип/Сиднеј, 2010 год.

Александар ДОНСКИ

АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ НЕ БИЛЕ ГРЦИ!

ОДГОВОР НА ПИСМОТО УПАТЕНО ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА САД Г-ДИН БАРАК ОБАМА ОД СТРАНА НА ИЗВЕСЕН БРОЈ ПРОГРЧКИ ОРИЕНТИРАНИ АВТОРИ

Материјалот што следи, во печатена или во електронска форма, е испратен:

- до Претседателот на САД г-дин Барак Обама,
- до сите членови на владата на САД поединечно
- до сите конгресмени на САД
- до сите сенатори на САД
- до сите потписници на Писмото на кое се однесува одговорот содржан во овој материјал, а тоа се над 300 професори по грчко-римска историја од неколку држави, чии имиња се подолу наведени
- до ректорите, деканите и останатите раководители на институциите во кои работат овие над 300 потписници на писмото, па и на нивни студенти, со цел тие да имаат увид во работата и познавањата од областа на историјата на своите вработени (потписници на писмото) кои работат во нивните институции
- до поголем број студенти и колеги на потписниците на писмото
- до владата на Р. Грција
- до владите на земјите членки на НАТО и ЕУ
- до членовите на Европскиот Парламент
- до позначајните организирани субјекти на грчката дијаспора
- до поголем број универзитети и оддели за историја ширум светот
- до илјадници адреси на медиуми, историски катедри и универзитети ширум светот, веб-страници и блогови на интернет

Почитуван господине претседател Обама,

Не знам дали, заради Вашата презафатеност, ова писмо Вие лично ќе го прочитате, но знам дека ќе го прочитаат одговорните луѓе во Вашите соодветни служби по што ќе го достават таму каде што треба.

Повод за ова мое писмо е писмото што на 18 мај 2009 Ви го упатија 220 професори и учени по грчко-римска историја од неколку држави во светот во кое ја повикаа американската влада да

го повлече признавањето на Република Македонија под уставното име со што практично би застанала на страна на грчката пропаганда и политика во однос на Македонија и Македонците.Подоцна, како потписници на ова писмо се јавија уште кандидати, па така нивниот број, во моментов кога го пишувам овој одговор, е над 300.

Демократско право на овие учени е, наместо да се занимаваат со наука, да се стават себеси на услуга и на дневно-политичките потреби и агресивна пропаганда на грчката држава на штета на малата и незаштитена Република Македонија (која патем е голем и докажан пријател на САД). Сепак тоа не значи дека тие имаат право да манипулираат со историските податоци кога е во прашање темата за која пишуваат.

Имено, голем дел од ова писмо е посветен токму на историјата на Македонија. Меѓутоа, секој што е малку упатен во оваа тема, веднаш ќе забележи низа неточни податоци, едностранн и субјективни презентирања и друг вид манипулации, па дури и ноторни лаги!

Сето ова го прави писмото од овие учени историски безвредно, па затоа истото треба да се игнорира од аспект на својата објективност. Без да навлегуваме во истражување на тоа дали и колку во нивното писмо е вклучен поединечниот интерес, во продолжение ќе наведиме факти од кои јасно ќе се види несериозниот пристап на овие учени кон податоците што ги презентирале со цел да помогнат на интересите на современата грчка анти-македонска пропаганда.

Во продолжение (со исклучок на општиот воведен дел) ќе ја наведеме целата содржина на нивното писмо, заедно со мои коментари, па читателот сам нека заклучи кој манипулира со јавноста, а кој не. Нивното писмо ќе го наведеме дел по дел во склад со темите што во него се опфатени.

Античко-македонската држава
и територијата на денешна Република Македонија

Во својот памфлет прогрчки ориентираните потписници на почетокот (по воведниот дел) пишуваат:

„*Земјата за која станува збор со својот сегашен главен град Скопје во антиката се викала Пајонија. Планините Барнус и Орбелус (кои денес ја сочинуваат северната граница на Грција) обезбедувале природна бариера која ја одделувала и ја одделува Македонија од својот северен сосед. Единствена вистинска врска е долж реката Аксиј/Вардар, но дури ниту овој слив не сочинува линија на комуникација заради тоа што е одвоен со долини.*“ (На англиски: "*The land in question, with its modern capital at Skopje, was called Paionia in antiquity. Mts. Barnous and Orbelos (which form today the northern limits of Greece) provide a natural barrier that separated, and separates, Macedonia from its northern neighbor. The only real connection is along the Axios/Vardar River and even this valley "does not form a line of communication because it is divided by gorges.")*.

Значи, според тврдењето на потписниците на писмото, на територијата на денешна Грција се наоѓала античко-македонската држава, додека на територијата на денешна Република Македонија се наоѓала државата (територијата) Пајонија. Оттаму, според нив, денешните Македонци (жители на Република Македонија) „немаат право“ да се повикуваат на античко-македонското етно-културно наследство, туку само на пајонското.

Навистина не ми е јасно како можеле овие учени (кои себеси се декларираат како експерти за грчко-римска историја) да покажат толкав степен на незнаење во однос на дел од историјата на античко-македонската држава (конкретно во однос на нејзините граници). Но, да поминеме на фактите.

Границите на античко-македонската држава постојано се менувале во различни временски периоди. Во првобитниот период од основањето, античка Македонија се протегала само на сосема

мал дел од денешната југозападна Македонија. Подоцна нејзините граници континуирано се проширувале благодарение на освојувањата на македонските владетели. Во еден период добар дел од античко-македонската држава се наоѓал на територијата на делот од Македонија што денес се наоѓа под грчка власт. (Овој дел на Македонија за прв пат потпадна под грчка власт дури во 1913 година и истиот никогаш пред тоа не бил грчки. Таму, Македонците до денес немаат никакви национални права).

Меѓутоа, факт е дека и во постариот период од своето постоење античко-македонската држава се протегала и врз значителни територии од денешна Република Македонија.

Прогрчки ориентираните потписници на писмото сигурно имаат слушнато за познатата античко-македонска област Линкестида, која во најголем дел се наоѓала токму на територијата на денешна Република Македонија. Дека Линкестида била нераскинлив дел од постарата античко-македонска држава, пишува античкиот географ Страбо, кој вели:

„Всушност областите околу Линк, Пелагонија, Орестија и Елимеја, биле нарекувани Горна Македонија, а подоцна овие области од некои биле нарекувани Слободна Македонија. Но некои одат уште подалеку, па целата земја ја нарекуваат Македонија“. (Strabo *Geography, Book VII, Chap. 7, 6; на англиски: "And in fact the regions about Lyncus, Pelagonia, Orestias, and Elimeia, used to be called Upper Macedonia, though later on they were by some also called Free Macedonia. But some go so far as to call the whole of the country Macedonia").*

Во античко-македонската област Линкестида (која во најголем дел била лоцирана токму во денешна Република Македонија) живеело познатото македонско племе Линкести, чии припадници биле составен дел од античко-македонскиот народ. Од редовите на ова македонско племе потекнувала мајката на Филип Втори Македонски - кралицата Евридика, која практично била родена на територијата на денешна Република Македонија.

За македонското потекло на населението во Линкестида пишува и Тукидид, кој вели:

„*Постои и Горна Македонија, која е населена со Линкестите и Елимијците и другите племиња, кои се сојузници и им плаќаат данок на долните Македонци, но имаат свои кралеви.“* (Thucydides, Book II, The Jowett translation, 99. На англиски: "*There is an upper Macedonia, which is inhabited by Lyncestians, Elimiots, and other tribes; these are the allies and tributaries of the lower Macedonians, but have kings of their own*").

И главниот град на античко-македонската област Линкестида што се викал Линк се наоѓал на територијата на денешна Република Македонија. Овој град е лоциран на свиокот на реката Еригон (Црна) на локацијата „Висок Рид“ кај село Букри.

Понатаму, во областа Линкестида егзистирал и античко-македонскиот град Хераклеа, кој се смета дека бил основан лично од Филип Втори Македонски. Урнатините од овој град и денес опстојуваат на територијата на Република Македонија, па секој што сака може да дојде и да ги види.

На територијата на денешна Република Македонија се наоѓале и други области од постариот период на античко-македонската држава. Познатите античко-македонски градови: Гординија, Аталанта и Идомене (заедно со значаен дел од античко-македонската област Амфакстида) исто така се наоѓале на територијата на денешна Република Македонија.

За фактот дека Идомене (град што се наоѓал на територијата на денешна Република Македонија) уште од дамнина бил античко-македонски град пишува Тукидид. Во описот на војната помеѓу Тракијците и Македонците (средина на V век пред Христа) тој објаснува дека тракиската војска ја нападнала Македонија при што на препад го освоила градот Идомене:

„*Тракиската војска, заминувајќи од Добер, прво ја нападнала земјата што порано била кнежество на Филип, при што на препад го освоила Идомене.“* (На англиски: "*The Thracian army, leaving Doberus, invaded first of all the country which had formerly*

been the principality of Philip, and took Eidomenè by storm." Thucydides, Book II, The Jowett translation, 100).

Тукидид (II,100) го спомнува и освојувањето на античко-македонските градови Гординија и Аталанта. И овие два града се наоѓале на територијата на денешна Република Македонија.

На територијата на Република Македонија се наоѓал и античко-македонскиот град Достонеи.

На територијата на денешна Република Македонија се наоѓале и одбранбени тврдини кои античко-македонските владетели ги подигале заради заштита од нападите однадвор. Најпознати од нив се оние сместени на поширокиот простор околу денешниот град Демир Капија. Нивните остатоци исто така можат да се видат и денес во Република Македонија.

Во Република Македонија откриени се повеќе илјади античко-македонски монети од сите периоди на оваа држава, како и голем број други материјални артефакти (накит, оружје, предмети од покуќнината, а секако и гробови) кои можат да се видат во музеите во Република Македонија и надвор од неа. Овие многубројни античко-македонски материјални наоди исто така сведочат за фактот дека античко-македонската држава уште од својата постара историја се наоѓала и на територијата на Република Македонија (повеќе детаљи за ова во објавените трудови во рамките на проектот на д-р Виктор Лилчиќ под наслов „*Античкото кралство Македонија во Република Македонија*“, "*Ancient Kingdom of Macedonia in the Republic of Macedonia*"). Оттаму денешните Македонци од Република Македонија имаат полно право да се повикуваат на традицијата и етно-културното наследство на античка Македонија.

Од друга страна и територијата на Пајонија (за која прогрчките ориентираните потписници на писмото тврдат дека се наоѓала исклучиво на тлото на денешна Република Македонија) исто така постојано ги менувала своите граници. Голем дел од Пајонија своевремено се наоѓал и во денешниот дел од Македонија што се наоѓа под грчка власт. Така, на пример, во периодот на

Тројанската војна Пајонија го опфаќала речиси целиот средишен дел на денешниот „грчки“ (егејски) дел од Македонија. Неколку векови подоцна (околу VI век пред Христа) Пајонија се протегала на уште поголема територија во денешниот „грчки“ (егејски) дел на Македонија, опфаќајќи ги областите околу денешниот град Тесалоника (Солун), како и областите околу подоцнежните античко-македонски градови Ероп, Аталанта, Лете, па дури и Амфипол на границата со Тракија. Еврипид (V век пред Христа) дури ги спомнува Пајонците и како жители околу планината Пангај (источно од Амфиполис, т.е. на самиот југо-источен дел од Македонија - источно од Халкидик). Сето тоа, во еден период, исто така било Пајонија. Но, прогрчки настроените учени ги игнорираат овие податоци, секако заради дневно-политичката грчка пропаганда на која и слугуваат.

Подоцна Македонците, како што ги потиснувале Пајонците на север, така и ја проширувале својата граница. Во 217 година пред Христа македонскиот владетел Филип V целосно ја освоил Пајонија, по што Пајонците се претопиле со античките Македонци постепено станувајќи еден народ. Оттогаш античко-македонската држава целосно се протегала на речиси целата територија на денешна Република Македонија.

Преименувањето на Пајонија во Македонија

Во продолжение на Писмото, потписниците пишуваат:

„*Иако е вистина дека Пајонците биле освоени од страна на Филип Втори, таткото на Александар во 358 година пред Христа, тие не биле Македонци и не живееле во Македонија. Слично на нив и Египјаните, кои биле потчинети од Александар, биле владеани од Македонци, вклучително и од славната Клеопатра, но самите тие никогаш не биле Македонци и Египет никогаш не бил наречен Македонија.“* (На англиски: "*While it is true that the Paionians were subdued by Philip II, father of Alexander, in*

358 B.C. they were not Macedonians and did not live in Macedonia. Likewise, for example, the Egyptians, who were subdued by Alexander, may have been ruled by Macedonians, including the famous Cleopatra, but they were never Macedonians themselves, and Egypt was never called Macedonia.").

И овде потписниците на ова писмо покажуваат незнаење и обид за ефтина манипулација со вистината. Тие овде тврдат дека територијата на Пајонија никогаш подоцна не била наречена Македонија, исто како што и Египет (иако бил завладеан од Македонци) никогаш не бил наречен Македонија.

Наспроти ваквото непознавање на историјата, фактите зборуваат дека целата територијата на некогашна Пајонија (за која спомнавме дека била со променливи граници) подоцна била наречена Македонија! Веќе докажавме дека со името Пајонија бил наречен и голем дел од денешниот „грчки“ (егејски) дел од Македонија (дури и територијата источно од полуостровот Халкидик), па сепак, подоцна, оваа територија била наречена Македонија. Исто било и со другите делови од Македонија (вклучително и делови од територијата на денешна РМ). И некои од овие делови порано се викале Пајонија, но со текот на времето биле наречени Македонија (посебно по уништувањето на пајонската држава од страна на Филип V).

Потврда за ова дава античкиот географ Страбо (VII, 41), кој и самиот тврди дека Пајонците порано живееле во голем дел од античка Македонија:

„*Јасно е дека во минатите времиња, исто како и сега, Пајонците владееле со голем дел од она што сега е Македонија...“ (На англиски: "It is clear that in early times, as now, the Paeonians occupied much of what is now Macedonia*...").

Но, подоцна, откако променливата територија на Пајонија трајно престанала да постои како самостојна целина, Пајонците се претопиле со античките Македонци, при што територијата на некогашна Пајонија трајно била наречена Македонија. Постојат илјадници историски сведоштва (пишани дела, географски мапи и друг

вид документи) во кои територијата на некогашна Пајонија е претставена како Македонија и навистина е тешко сфатливо како може некој да не ги знае овие општопознати работи. (Во продолжение ќе наведеме мал дел од овие документи).

За етничкото потекло на Пајонците исто така пишуваме во продолжение.

Мапата на Македонија претставена од потписниците на Писмото на која тенденциозно и неточно територијата на Република Македонија е означена како „Пајонија“, а како „Македонија“ е означен само делот од Македонија што денес се наоѓа под грчка власт.

Територијата на која приближно живееле пајонските племиња од времето на Тројанската војна (XIII или XII век пред Христа), одредена врз податоци од античките извори

Територијата на која приближно живееле пајонските племиња од VI век пред Христа, одредена врз податоци од античките извори

Приближната територија на Пајонија од првата половина на III век пред Христа, одредена врз податоци од античките извори

Кој и зошто го измислува терминот „Македонски Грци“?

Во продолжение на писмото од прогрчки настроените потписници читаме:

„*Македонските Грци биле лоцирани барем 2.500 години токму таму каде што се наоѓа денешната грчка провинција Македонија...“* (На англиски: "*Macedonia and Macedonian Greeks have been located for at least 2,500 years just where the modern Greek province of Macedonia is").*

Не само што потписниците на ова писмо не ги знаат историските податоци за темата за која пишуваат (веќе го спомнавме нивното непознавање на границите на Пајонија и Македонија), туку овде тие се служат и со класична манипулација и фабрикување на непостоечки историски факти! Имено, тие го користат терминот „*македонските Грци*“ алудирајќи на античките Македонци. Тоа е класичен и безобзирен фалсификат! Ниту еден биограф на Александар Велики Македонски од антиката никогаш и никаде ги

нема претставено античките Македонци како некакви „*македонски Грци*“, туку само како „*Македонци*“! Несфатливо е како можат такви авторитети да се користат со измислување на непостоечки термин. Веројатно знаејќи многу добро дека ниту еден антички биограф на Александар го нема употребено терминот „*македонски Грци*“, туку само „*Македонци*“, овие „експерти“ решиле сами да ја „пополнат“ оваа празнина во грчката пропаганда, па затоа го создале овој измислен термин. Сепак светот добро знае дека пишувањето на античките автори е далеку повредно и повалидно од привремените измислици на овие грчки-спонзорирани „експерти“.

За потеклото на денешните Македонци

Во продолжение на писмото читаме:

„*Не можеме да разбереме како можат современите жители на античка Пајонија, кои зборуваат словенски - јазик што на Балканот се појавил илјада години по смртта на Александар - да го прогласат него за свој национален херој.“* (На англиски: "*We do not understand how the modern inhabitants of ancient Paionia, who speak Slavic – a language introduced into the Balkans about a millennium after the death of Alexander – can claim him as their national hero'*').

Денешните Македонци жители на Република Македонија и на останатите делови од Македонија (вклучително и на делот што се наоѓа под Грција, каде немаат никакви национални права) во најголем дел се крвни потомци токму на античките Македонци, а докази за ова презентираме во продолжение.

Зошто Александар Велики не бил Грк?

Во продолжение на писмото ја читаме констатацијата:

„*Александар Велики целосно и неспорно бил Грк“.* (На англиски: "*Alexander the Great was thoroughly and indisputably Greek'*').

Постојат голем број антички сведоштва во кои Македонците се третирани како посебен народ во однос на Грците. Меѓутоа, за да го демантираме тврдењето на потписниците на писмото според кое Александар Велики бил „Грк“, овде нема да се користиме со бројните вакви антички сведоштва, туку ќе се послужиме со зборови од самиот Александар Велики! Добро е познато дека античкиот биограф на Александар по име Аријан, пренел неколку изјави од славниот македонски цар. Конкретно Аријан го пренесува говорот што Александар Велики Македонски го одржал пред своите офицери кога тие, на барање од војниците, одлучиле да не го следат натаму во конечното освојување на Индија и преморени посакале да се вратат во своите домови. Меѓутоа, отпрвин никој од нив не се осмелувал да му го соопшти тоа. Александар сфатил што се случува, ги повикал на состанок своите офицери при што им се обратил со зборовите:

„*О **Македонци и грчки сојузници** ... Ве повикав на состанок за да донесеме заедничка одлука: дали ќе продолжиме натаму како што посакувам јас или ќе се вратиме назад како што посакувате вие.“* (На англиски: **“***O Macedonians and Grecian allies... I have collected you together into the same spot, so that I may either persuade you to march forward with me, or may be persuaded by you to return***".**

Во рамките на истиот говор, Александар уште рекол:

„*О **Македонци и грчки сојузници**, останете цврсти!... Каква голема и благородна работа ќе остваревме ние, ако мислевме дека е доволно спокојно да живееме во Македонија и само да си ги заштитуваме нашите домови, бранејќи се од обидите да бидеме потчинети од Тракијците на нашите граници, од Илирите и Трибалите или можеби од оние Грци кои сакаат да го загрозат нашиот конфор*.“ (На англиски: *"But, O Macedonians and Grecian allies, stand firm!... But what great or glorious deed could we have performed, if, sitting at ease in Macedonia, we had thought it sufficient to preserve our own country without any labour, simply repelling the attacks of the nations on our*

frontiers, the Thracians, Illyrians, and Triballians, or even those Greeks who were unfriendly to our interests?; Arrian, *Anabasis*, Chap. XXV).

Во овој говор на Александар недвосмислено се гледа дека самиот најпознат македонски цар правел јасна разлика помеѓу Македонците и Грците како два посебни народа. Тој овде не само што одвоено им се обраќа на Македонците и Грците со „*Македонци и грчки сојузници*“, туку и децидно објаснува дека Македонците кои останале во Македонија можеле да бидат загрозени од своите соседи: Илири, Тракијци, Трибали и - Грци!

Да го кажеме и тоа дека Аријан овие податоци ги превзел од, денес загубената, историја посветена на Александар која била напишана од Птолемеј Први (генерал, другар од детството, а според некои извори и полубрат на Александар Велики). Ова значи дека автентичноста на оваа изјава од македонскиот цар е неспорна. Освен тоа Аријан денес се смета како еден од најсериозните антички извори за биографијата на Александар Велики.

За Александар Први и Олимписките игри

Во продолжение на писмото читаме:

„*Неговиот пра-пра-прадедо Александар Први учествувал на Олимписките игри, на кои било дозволено да учествуваат само Грци.“* (На англиски: "*His great-great-great grandfather, Alexander I, competed in the Olympic Games where participation was limited to Greeks."*).

Александар Први (околу 497 - 454 год. пред Христа) бил предок на Александар Трети Велики Македонски. Точно е дека на овој македонски владетел (по неговото упорно инсистирање заради политички причини, проследено со отпор од страна на некои Грци) му било дозволено да учествува на грчките олимписки игри, но не и на неговиот народ - Македонците! На Македонците и натаму им било забрането на учествуваат на овие игри бидејќи од страна на Грците биле третирани како „барбари“ (не-Грци). Во

продолжение ќе наведеме поголем број докази за етно-културните разлики меѓу Македонците и Грците, а во меѓувреме ќе дадеме уште неколку објаснувања во врска со Александар Први.

Во времето кога владеел Александар Први се водела грчко-персиската војна во која моќната Персија војувала против исто така моќните обединети грчки сили (градови-држави). Тогаш Македонија била воено слаба и економски неразвиена држава. Таа се нашла среде оваа жестока војна помеѓу двете завојувани страни, па Александар Први бил во речиси безизлезна состојба. И Персија и грчките сили можеле лесно да ја освојат слабата Македонија само доколку насетеле дека таа се приближува кон спротивната страна. Затоа Александар Први вложил огромни напори за да ја зачува својата држава. Тој декларирал неутралност, но кришум им давал позитивни сигнали и на Персијанците и на Грците - само за да не ја гибаат Македонија. Така, на пример, својата сестра Гигеја ја дал за жена на персискиот војсководител Бубарес, а истовремено тајно им доставувал доверливи информации и на Грците. Сепак, ноќта спроти решавачката битка кај Платеја (479 год. пред Христа) Александар отишол во грчкиот камп и децидно се ставил на страна на Грците давајќи им информации за местоположбата на Персијанците. Веројатно проценил дека Грците ќе ја добијат таа битка (па и целата војна), па затоа отишол во нивниот камп за ја придобие нивната наклоност (посебно за времињата што следувале по завршувањето на војната). Ете тогаш тој се претставил себеси како божемен „Грк“, по што подоцна (иако со отпор од страна на некои Грци) му било дозволено да учествува на грчките олимписки игри.

Ваквата теза за лажното претставување на Александар како „Грк“ само за да ги придобие Грците да не ја гибаат Македонија откако ќе ги победат Персијанците, ја застапуваат повеќе современи историчари. Еден од нив е познатиот американски историчар д-р Еуген Борза. Во својата книга: "*In the Shadow of Olimpus, The Emergence of Macedon"* (Princeton Univercity Press, New Jersey, ISBN 0-691-05549-1, USA, 1990) Борза со право

поставува неколку прашања. Имено, тој прашува: ако Александар и навистина бил „Грк“, зарем Грците не би го знаеле тоа однапред? Зарем тие не знаеле дека македонската династија е „грчка“, та тој морал тоа да им го докажува? Напротив, тие тогаш сосема добро знаеле кои се нивни сонародници, а кои не (посебно во времето на војната со Персијанците, која всушност била меѓуетничка војна). Зошто имало потреба тој ним да им го потенцира своето наводно „грчко“ потекло? И зошто ниту еден Атињанин, Спартанец или друг вистински Грк никогаш пред останатите Грци не го докажувал своето грчко потекло?

На слично мислење се и други историчари: Макан (Macan), Хау (How), Велс (Wells), Бадијан (Badian) и други.

Се поставува прашањето и зошто Грците отпрвин му забраниле на Александар Први да учествува на олимписките игри прогласувајќи го за „барбарин“? Ако тој бил „Грк“ тие веднаш би го препознале својот „сонародник“, а не да го прогласуваат за „барбарин“ (човек кој не зборува грчки).

Што се однесува до себедекларирањето на Александар Први како „Грк“ пред битката кај Платеја (епизода што ја опишува Херодот), Борза вели дека тој тоа го направил заради политички причини исклучиво за да се интегрира себеси во грчкиот свет по победата на Грците над Персија. Притоа Борза (цит. дело, стр. 63) потсетува дека самиот Херодот е контрадикторен во описот на оваа епизода, па пишува дека истиот тој Херодот (7.130) ги спомнува Тесалијците како „први Грци“ кои потпаднале под персиска власт, со што практично потврдил дека Македонците биле негрчки народ.

Значи, учеството на грчките олимписки игри на Александар Први воопшто не одело така лесно и било дозволено дури по неговото упорно инсистирање и тоа со строго ограничување, според кое, само македонските кралеви можеле да учествуваат на олимписките игри, додека нивниот народ (Македонците) и натаму останале да бидат третирани како поинаков народ (барбари).

Факт е и дека на тогашните Грци им одговарало да го признаат Александар Први (но само него, а не и македонскиот народ) како „Грк“, заради тоа што Македонија им била потребна како евентуален сојузник против континуираната закана од моќната Персиска империја.

Ако ниту овие докази не се доволни, тогаш пак ќе го цитираме самиот Херодот. Додека тој од една страна пишува дека самиот Александар себеси се декларирал како „Грк“, од друга страна истиот тој Херодот (8.142) пишува дека Спартанците Грци го оквалификувале Александар Први како „*недоверлив странец*“.

Голем доказ за лажното претставување на Александар Први како „Грк“ е и фактот што тој од страна на Грците (откако им помогнал со информации да ги победат Персијанците) бил прогласен за „Филхелен“ (пријател, т.е. љубител на Грците), а таквите титули им се доделувале на странци, т.е. не-Грци, кои правеле добри дела кон Грците.

Едноставно во тоа време Александар Први морал така да се однесува за да ја зачува својата (во тоа време слаба) држава. И успеал во тоа. Ја зачувал Македонија, која по само неколку генерации, воено ги освоила и грчките територи и целата Персија.

Зошто и Филип Втори учествувал на Олимписките игри?

Во продолжение на своето писмо потписниците потсетуваат на учеството и на Филип Втори (таткото на Александар Велики) на игрите во Олимпија и Делфи:

„*Таткото на Александар по име Филип, однел неколку победи во коњски спортови во Олимпија и Делфи - двете најзначајни од сите хеленски светилишта во античка Грција во кои на не-Грците не им било дозволено да се натпреваруваат. Дури и уште позначајно: Филип бил назначен да ги раководи Питиските игри во Делфи во 346 година пред Христа. Со други зборови таткото на Александар Велики и неговите предци биле*

целосно Грци.“ (На англиски: *"Alexander's father, Philip, won several equestrian victories at Olympia and Delphi, the two most Hellenic of all the sanctuaries in ancient Greece where non-Greeks were not allowed to compete. Even more significantly, Philip was appointed to conduct the Pythian Games at Delphi in 346 B.C. In other words, Alexander the Great's father and his ancestors were thoroughly Greek.").*

Уште еден залуден обид да се „докаже“ тоа што не може да се докаже. Филип Втори учествувал на грчките спортски игри дури откако воено ги поразил Грците, па тие и да сакале, не можеле да го спречат во тоа. Тој бил назначен да ги раководи Питиските игри, не затоа што бил „Грк“, туку затоа што бил освојувач и воен окупатор на грчките територии, па таму можел да прави што сака! Зарем можел некој Грк да го спречи во тоа? Не само тогаш, туку и подоцна, секој освојувач се однесувал како што ќе посака среде потчинетите територии и народи и за ова постојат безброј примери во историјата. Нејасно е како потписниците на писмото не можеле (или не сакале) да ја согледаат ова едноставна вистина. Во продолжение ќе наведеме податоци според кои јасно се гледа дека самите Грци го сметале Филип Втори Македонски за „барбарин“ (не-Грк, т.е. човек кој не зборува грчки), па тие податоци се многу посилни од несериозните конструкции на потписниците на ова писмо.

Во истиот пасус потписниците на писмото спомнуваат некаква „античка Грција“. Јавно ги прашувам да објаснат: која е таа држава „античка Грција“? Таква држава никогаш не постоела во историјата! Сè што постоело во антиката на територијата на денешната грчка држава биле неколку помали градови-држави, кои честопати војувале помеѓу себе. Употребата на измисленият и вештачки термин „античка Грција“ е целосно во служба на дневнополитичките потреби на современата грчка државна пропаганда, која се обидува да го убеди светот дека денешна Грција е продолжение на „античка Грција“ (без оглед на тоа што денешните Грци претставуваат етнички амалгам од разни народи и без оглед

на тоа што во антиката никогаш не постоела држава под името „Грција“, т.е. „античка Грција“).

За местоположбата на Аргос и за ликот на Хераклe

Во продолжение на писмото читаме:

„Дури и пред Александар Први, Македонците го врзуваа своето потекло за Аргос, а многу нивни кралеви ја користеа главата на Хераклe, кој бил еден од најважните грчки херои, на своите монети.“ (На англиски: *"Even before Alexander I, the Macedonians traced their ancestry to Argos, and many of their kings used the head of Herakles - the quintessential Greek hero - on their coins.").*

И овде доаѓа до израз тенденциозноста на потписниците на писмото. Тие велат дека македонската владеачка династија потекнувала од градот „Аргос“, но не спомнуваат дека во антиката постоеле неколку градови со истото име. Понатаму велат дека македонските кралеви биле „Грци“ затоа што некои од нив ковеле монети со ликот на „грчкиот херој“ Хераклe (!?).

Како одговор на ваквите тврдења ќе потсетиме дека за потеклото на македонската династија не постојат никакви автентични докази, туку само неколку многу подоцнежни податоци, кои сами по себе се контродикторни. Некои подоцнежни антички автори пишуваат дека македонските кралеви наводно потекнувале до градот Аргос на Пелопонез. Но други сметаат дека македонската династија потекнувала од градот Аргос во - Македонија! Така, на пример, историчарот Апијан од Александарија (околу 95 - 165 год.) потеклото на македонската династија го објаснил со зборовите:

„Постои Аргос на Пелопонез, постои друг во Амфилохија и уште еден во Орестија (од каде што потекнуваат македонските Аргеади), а еден има и на Јонското Море...“ (На англиски: *"There is an Argos in Peloponnese, another in Amphilochia, another in Orestea, whence come the Macedonian Argeadae, and the one on the Ionian sea..."* Appian, *Syrian Wars*, 63).

Орестија е област од Македонија. Значи, според Апијан, и во Македонија постоел град со името Аргос и оттаму потекнувала македонската династија Аргеади, а не од Арг на Пелопонез.

Ако се земаат предвид некои други посредни факти (фактот што Александар Велики со своите телохранители си зборувал на мајчиниот македонски јазик, кој бил неразбирлив за Грците; фактот што македонските владетели Филип Втори и Архелај биле наречени „барбари“, т.е. не-Грци од страна на Грците и други, кои во продолжение ќе ги наведеме), тогаш најверојатно дека македонската династија си била составена од Македонци не-Грци, а доколку и навистина потекнувала од градот Арг, тогаш тоа најверојатно бил Арг во Македонија, т.е. град во кој се зборувало македонски (штом и ним мајчиниот јазик им бил македонски)! Сигурно дека некои од нив знаеле и грчки како втор јазик, т.е. како јазик на свој соседен народ, но во тоа нема ништо чудно. И денес голем број жители на некоја држава го разбираат јазикот на своите соседи. Голем број Германци од пограничните области со Франција или оние кои се жители на Швајцарија знаат француски, но тоа не значи дека тие се „Французи“. Вакви примери има многу. Аналогно на тоа сигурно дека извесен број антички Македонци го знаеле грчкиот јазик (како јазик на свои најблиски соседи), но и Грците во пограничните области во својот јазик прифаќале сегменти од македонскиот јазик (за што исто така постојат антички сведоштва: *A*thenaos, *Deipnosophists* III; Plato, *Cratylus*).

Несериозни се тврдењата според кои македонските кралеви биле „Грци“ затоа што поединци од нив на своите монети го ставале ликот на митската личност Хераклe. Имено, Хераклe бил измислена личност - полубог, кој бил обожаван од повеќе народи на Балканот во тоа време, но и многу подоцна. Подоцна тој бил почитуван и како литературен лик. Оттаму, неговото претставување на монети не било заради етнички, туку заради религиозни или културолошки причини. Тоа е исто како кога денес, на пример, будистите од целиот свет го слават ликот на Буда кој бил роден како

припадник на индискиот народ. Тоа не значи дека сите што денес го слават Буда треба да бидат третирани како „етнички Индијци“.

Кога сме кај Херакле, факт е дека (заради религиозни, но и заради културолошки причини) и други народи го ставале неговиот лик на своите монети. Така, на пример, познато е дека и во Римското Царство се ковеле монети со ликот на Херакле. Некои од нив се: асите ковани во етрурскиот град Популонија (III век пред Христа); потоа монетите ковани од Максиминус Втори, од Каракала, од Марцелинус и од други римски владетели. Па ги прашувам 220-те и кусур „експерти“ за грчка и римска историја: дали Римјаните биле Грци штом и тие на некои од своите монети го ставале ликот на „грчкиот херој“ Херакле? Монети со ликот на Херакле се забележани и во Тракија. Па зарем и Тракијците биле „Грци“? Монети со ликот на Херакле биле ковани дури и во Сирија. Па белки некој нема да каже дека и Сиријците биле „Грци“. Дури и Наполеон Први во чест на Првиот конзулат (1799 - 1804) ковел монети со ликот на Херакле. Па зарем и Наполеон бил „Грк“? Во 1970 година во Франција е искована монета од 10 франци исто така со ликот на Херакле. Се надевам дека потписниците на писмото нема да почнат да го убедуваат светот дека Французите биле „Грци“ штом и тие ковеле монети со ликот на Херакле. Но, тоа не е сè. И во најново време се коваат монети и други пригодни обележја со ликот на Херакле. Така, на пример, во 1998, 1999 и 2000 година на Гибралтар се ковани монети (од по две фунти) со ликот на Херакле. Според логиката на потписниците на писмото испаѓа дека Гибралтар не е веќе британска, туку е „грчка“ колонија. Конечно, во светот постојат голем број примери кога на монетите се ставаат мотиви кои не потекнуваат од културата на народот што ги кове и премногу простор ќе ни одземе ако почнеме со нивно наведување. Само ќе кажеме дека, според истата таа логика, и ликот на Херакле се нашол на монетите на разни други не-грчки народи, вклучително и Македонците.

За Еврипид

Во продолжение на писмото читаме:

„Еврипид, кој починал и бил погребан во Македонија, ја напишал својата драма Архелај во чест на предокот на Александар и тоа на грчки. Додека бил во Македонија Еврипид исто така ја напишал Бахаи, повторно на грчки. Најверојатно македонската публика можела да го разбере тоа што тој го напишал и што тие го слушале.“ (На англиски: "*Euripides – who died and was buried in Macedonia – wrote his play Archelaos in honor of the great-uncle of Alexander, and in Greek. While in Macedonia, Euripides also wrote the Bacchai, again in Greek. Presumably the Macedonian audience could understand what he wrote and what they heard").*

Во недостиг на релевантни податоци за побивање на вистината дека античките Македонци не биле Грци, потписниците на ова писмо се служат и со вакви несериозни конструкции. Еврипид пишувал на грчки затоа што тоа бил негов мајчин јазик и затоа што не го разбирал античко-македонскиот јазик. Што дека извесен период престојувал како гостин во Македонија. И денес постојат безброј луѓе кои извесен период престојуваат во некоја туѓа земја, но не го знаат јазикот на таа земја до степен да пишуваат свои дела на него, па и натаму си пишуваат на својот мајчин јазик. Не постојат податоци дали, каде и како биле изведувани драмите на Еврипид во Македонија, па со ова не треба да се шпекулира.

Демостеновите сведоштва за негрчкиот карактер на Македонците

Во продолжение на писмото читаме:

„Грчкиот бил јазик што бил користен од страна на Демостен и неговата делегација од Атина кога го посетиле Филип во 346 година пред Христа.“ (На англиски: *"Greek was the*

language used by Demosthenes and his delegation from Athens when they paid visits to Philip, also in 346 B.C.").

Не знам дали потписниците на ова писмо се шегуваат кога го спомнуваат Демостен во контекст на „доказ“ за „грчкиот карактер“ на Македонците. Токму Демостен е најогнениот Грк кој секаде и на секое место зборувал против Филип Втори и против Македонците потенцирајќи дека тие не биле никакви Грци, туку „барбари“ (не-Грци). Потписниците на писмото сигурно дека ова многу добро го знаат, па навистина не ми е јасно како можеле да си дозволат ваков гаф. Но, да видиме што изјавувал самиот Демостен за сметка на Македонците.

Својот прв познат говор против Филип Втори Македонски, Демостен го создал во 351 година пред Христа. Овој говор станал познат под името „Прва Филипика“. Подоцна Филип го нападнал градот Олинт, кој бил сојузник на Атина. Тогаш Демостен напишал три нови говори против Македонците во кои барал Атина да му помогне на Олинт. Но, Олинт бил завземен од Македонците, а Демостен учествувал во делегацијата која преговарала помеѓу Атина и Македонија. Подоцна била создадена и „Четвртата Филипика“.

Во 338 година пред Христа кај Херонеја се одиграла пресудната битка помеѓу Македонците и Грците, по што македонскиот крал Филип Втори ги окупирал повеќето грчки територии. Тогаш Демостен продолжил со своите анти-македонски говори да ги бунтува Грците, залагајќи се за слобода на својот народ. Меѓутоа, Атинското собрание, под притисок на Македонците, донело одлука водачите на анти-македонскиот бунт (заедно со Демостен) да бидат осудени на смрт. Демостен успеал да побегне на еден остров каде извршил самоубиство.

За анти-македонската дејност на Демостен, сведочел и подоцнежниот антички грчки историчар Плутарх. Во своето дело „Споредба помеѓу Демостен и Кикерон“ (напишано во 75 година по Христа) Плутарх пишува:

„Демостен... одел низ градовите на Грција и секаде, како што рековме, се вклучувал во судирите во корист на Грците,

кои сакале да ги избркат македонските претставници... По своето враќање тој повторно се посветил на истата дејност и продолжил да им се спротивставува на Антпатер и на Македонците."

Што се однесува до самите пишувања на Демостен, тој во своите напади против Македонија, исто така јасно ги детерминирал Македонците и Грците како два засебни народа. Уште во „Првата Филипика" тој го опишал Филип како (цитат): „*човек кој ги потчинил Атињаните и управувал со внатрешните работи на Грција.*"

Демостен дал и децидно сведоштво со кое била оспорена секаква етничка (но, и митолошка) врска помеѓу античките Македонци и „*грчкиот бог Хераклe"*. Во еден од своите бројни анти-македонски говори, тој сосема јасно го оспорил правото на Македонците да се сметаат себеси како „*потомци на Хераклe".* Критикувајќи ги македонските пратеници кои неколкупати повториле дека Филип Втори води потекло од Хераклe, Демостен изјавил:

„*Јас сметам дека Хераклe, секако со негодување ги слушна зборовите на пратениците, кои постојано повторуваа дека Филип води потекло од овој бог. Овој бог добро нека го запознае презрителот на сите религии. Овој грчки бог нека го согледа тиранинот Македонец. Овој бог, мразител, казнувач и уништивач на тиранијата..."* (Квинтиј Куртиј Руф: „Историја на Александар Македонски*",* во превод од латински на д-р Љубинка Басотова; Скопје, 1998 година, стр. 30).

Сепак најјасен доказ за негрчкото потекло на Македонците и нивните владетели Демостен дал во „Втората Филипика", каде во врска со македонскиот владетел Филип Втори, ја дал следнава навредлива изјава:

*„**Филип, тој човек не само што не е Грк, туку и нема ништо заедничко со Грците**. Барем да беше барбарин од некоја пристојна земја - но тој не е ни тоа. Тој е некакво шугаво суштество од Македонија - земјата од која не можеш да доведеш ниту роб што барем нешто вреди."*

Намерно ги потенцирав зборовите „***Филип, тој човек не само што не е Грк, туку и нема ништо заедничко со Грците***“ за да им укажам на потписниците на Писмото дека тие практично, не само што се ставаат себеси во улога на анти-македонски пропагандисти, туку нивното писмо е во спротивност и со пишувањата на најголемиот старогрчки говорник Демостен!

Освен што Демостен јасно потенцирал дека Филип Втори Македонски „*не е Грк*“ и дека „*нема ништо заедничко со Грците“,* гледаме дека тој го нарекол македонскиот владетел и како „*барбарин*“.

Се поставува прашањето: зошто Демостен го нарекол Филипа „*барбарин*“? Што значел овој збор во антиката? Голем број научници денес тврдат дека именката „*барбарин*“ во антиката главно се однесувала за луѓе кои зборувале на неразбирлив јазик за Грците (луѓе кои „*барборат*“) со доза на потценување кон нивната култура. Практично, сите народи кои не зборувале грчки, Грците ги нарекувале „*барбари“*, додека помеѓу себе Грците си се нарекувале „*ксенои*“.

Конечно и самите антички грчки автори пишувале што подразбираат под терминот "*барбари*". Децидно сведоштво за ова дал познатиот атински драмски автор Аристофан (живеел околу 448 - 385 година пред Христа). Во својата драма „Птици“ (напишана во 414 година пред Христа), во врска со „*барбарите*“, Аристофан напишал:

„*Долго време престојував со нив и ги учев да зборуваат, иако порано тие беа барбари*.“

Овде јасно се гледа дека терминот „*барбари*“ за античките грчки автори значел „луѓе кои не зборуваат грчки“, т.е. луѓе кои не се Грци.

Впрочем, постојат огромен број сведоштва од античките грчки автори, во кои тие го употребуваат терминот „*барбари*“ за припадниците на разни азиски, африкански, но и европски, народи и ова е сосема добро познато. Оттаму, доколку, на пример, припадниците на некој далечен азиски народ биле наречени како

„*барбари*“ само затоа што не зборувале грчки, сосема иста е суштината за употребата на истиот овој термин и во однос на Македонците. Не може терминот „*барбари*“ кога се однесува за Македонците да има едно значење, а за сите други не-грчки азиски, африкански и европски народи да има друго значење. Ова го потенцираме затоа што денес некои грчки и прогрчки настроени автори се обидуваат да ја потценат изјавата на Демостен, во која тој Македонците ги квалификува како „*барбари*“, неубедливо трудејќи се да објаснат дека тој Македонците не ги сметал за инаков народ од Грците, туку дека квалификувајќи ги како „*барбари*“, само сакал да ја „омаловажи нивната култура“, заради „политички причини“ (!?).

Демостен не бил единствениот Грк, кој ги детерминирал Македонците како „*барбари*“, т.е. народ со не-грчко потекло. И античкиот грчки автор Тразимах (Thrasymachus) во V век пред Христа во еден свој говор, го нарекол македонскиот крал Архелај како „*барбарин*“ во однос на Грците ларисјани (Clement of Alexandria, "*Stromatis*", 6).

Македонците се наречени „*барбари*“ од страна на Грците и во Лексиконот „*Суда*“ (пишуван од неколку антички и средновековни автори). Во толкувањето на зборот „*каусија*“ (вид македонска капа), во „Суда“, непознатиот антички грчки автор пишува дека тоа била „*вид барбарски покривач за главата*“ (*Суда,* Капа, 1139). Поради фактот што во науката е добро познато дека оваа капа била создадена и најмногу практикувана токму од Македонците, јасно е дека и овој антички грчки автор ги сметал Македонците како „*барбари*“ (луѓе кои не зборуваат грчки).

И старогрчкиот граматичар Хесихиј од Александрија (V век) ги опишал Македонците како „*барбари*“. Во описот за значењето на зборот „*сариса“* (долго копје на Македонската фаланга), тој запишал дека го користеле „*барбарите Македонци*“.

Да заклучиме дека со своите анти-македонски изјави Демостен претставува еден од најзначајните извори за не-грчкото потекло на античките Македонци. Сосема е нормално дека тој,

како Грк, зборувал грчки за време на својата посета на Македонија. Нема докази дали тие разговори биле водени со или без преведувачи, но фактот што водечките Македонци знаеле и грчки (како јазик на соседен народ) апсолутно не значи дека Македонците биле „Грци“.

За јазикот на античките Македонци

Во продолжение авторите на писмото прават осврт кон јазикот на античките Македонци:

„*Уште еден северен Грк Аристотел, заминал да студира речиси 20 години во Академијата на Плато. Аристотел подоцна се вратил во Македонија и станал тутор на Александар Трети. Тие го користеле грчкиот јазик во училницата која се уште може да се види близу Науса во Македонија.“* (На англиски: *"Another northern Greek, Aristotle, went off to study for nearly 20 years in the Academy of Plato. Aristotle subsequently returned to Macedonia and became the tutor of Alexander III. They used Greek in their classroom which can still be seen near Naoussa in Macedonia.").*

Во врска со јазикот во продолжение на Писмото го пишува и следното:

„*Александар го носел со себе за време на своите освојувања Аристотеловото издание на Хомеровата ‚Илијада'. Александар исто така го проширил грчкиот јазик и култура низ целата своја империја, подигнувајќи градови и востановувајќи центри за учење. Заради тоа натписи на типичните грчки институции, како што е гимназиум, се најдени дури и во Авганистан. Сите тие се напишани на грчки. Следува прашањето: Зошто грчкиот бил lingua franca низ целата Александрова империја, доколку тој бил Македонец? И зошто, на пример Новиот Завет, бил напишан на грчки?* (На англиски: "*Alexander carried with him throughout his conquests Aristotle's edition of Homer's Iliad. Alexander also spread Greek language and culture throughout*

his empire, founding cities and establishing centers of learning. Hence inscriptions concerning such typical Greek institutions as the gymnasium are found as far away as Afghanistan. They are all written in Greek. The questions follow: Why was Greek the lingua franca all over Alexander's empire if he was a 'Macedonian'? Why was the New Testament, for example, written in Greek?").

Одговараме на овие ставови по ред.

Аристотел бил родум од Стагира (грчка колонија на македонскиот брег, претежно населена со Грци, која била уништена од страна на Филип Втори Македонски за време на неговата антигрчка кампања кога ги избркал грчките колонисти од македонскиот брег). Нема податоци за етничкото потекло на неговите родители. Меѓутоа за неговиот татко Никомах се знае дека бил личен лекар на Филип Втори Македонски заради што може да се претпостави дека бил Македонец. Имено, треба да се има предвид фактот дека во своето најблиско окружување македонските владетели (посебно Филип и Александар) држеле претежно Македонци во кои имале најголема доверба (ова лесно може да се провери ако се направи преглед на постојните податоци за етничкото потекло на нивните најблиски соработници). Точно е дека Аристотел се школувал на грчки и подолго време бил отсутен од Македонија, но тоа не мора да значи дека бил Грк.

Не е спорно ниту дека Александар го знаел грчкиот јазик, но само како втор јазик наспроти мајчиниот македонски јазик, кој бил различен од грчкиот. Чудно е како прогрчки ориентираните потписници на писмото не ги знаат античките сведоштва во кои е потенцирана засебноста на јазикот на античките Македонци. Ќе наведеме неколку од нив.

Доказ за засебноста на македонскиот јазик има во еден фрагмент од папирус, за кој се смета дека претставува дел од изгубеното дело под наслов „*Историја на наследниците*“ од веќе спомнатиот антички грчки историчар Аријан (Lucius Flavius Arrianus Xenophon, кој живеел од околу 92 до 175 година по Христа). Во овој папирус (PSI XII.1284), спомната е една епизода од маке-

донската историја во која е јасно потенцирана засебноста на македонскиот јазик. Овде читаме дека секретарот на Филип и на Александар Македонски, по име Евмен (цитат): „...*испратил напред еден човек, по име Ксение, кој зборувал македонски*...“ за да преговара со Македонската војска на Неоптоломеј. Овој настан се случил околу 321 година пред Христа.

Веќе спомнавме дека Аријан напишал биографија за Александар Велики Македонски, која денес се смета за најстарата целосно зачувана биографија за овој славен македонски војсководител. Во оваа биографија Аријан на повеќе места ги потенцира разликите помеѓу Македонците и Грците. Овде само ќе потсетиме на описот на битката кај Ис, во која на страната на Персија против Македонците се бореле илјадници Грци. Аријан пишува дека во оваа битка најжестокиот судир бил токму помеѓу Македонците и Грците, а главна причина за тоа, покрај другото, била големата омраза помеѓу овие два народа. Во врска со ова Аријан пишува:

„*Почнала жестока борба. Дариевите Грци се бореле со цел да ги потиснат Македонците назад кон реката и да ги задржат позициите на своето лево крило... **Судирот беше уште повеќе загорчен поради старото расно ривалство помеѓу Грците и Македонците***“. (На англиски: "*There was a violent struggle. Darius' Greeks fought to thrust the Macedonian back into the water and save the day for their left wing... **The fight was further embittered by the old racial rivalry of Greek and Macedonian***". Arrian: "The Campaigns of Alexander", во превод на Aubrey De Selincourt, Pengiun books, USA, 1987, стр. 119, подвлекувањето е мое).

Вредни сведоштва за засебноста на јазикот на античките Македонци дал и грчкиот антички историчар Плутарх (кој живеел од околу 45 до 120 година по Христа).

Во својата биографија за Евмен (Eumenes), опишувајќи го појавувањето на Евмен пред македонските војници, Плутарх запишал:

„*При првото видување на нивниот омилен генерал, војниците го поздравија на македонски јазик, зазвечија со*

оружјето и со силни повици го предизвикаа непријателот да нападне, сметајќи дека тие се непобедливи додека тој беше на чело.“ На англиски: "...*On the first sight of the general of their jeart, the troops saluted him in the Macedonian language, clanked their arms, and with loud shouts challenged the enemy to advance, thinking themselves invisible while he was at their head*." ("*Eumenes"* by Plutarch 14,10, translated by John and William Langhorne. Електронска верзија на: http://www.attalus.org/old/eumenes. html. Патем, Џон Лангхорн живеел во XVII век. Бил познат англиски поет, а преводот на делата од Плутарх го направил заедно со својот брат Вилијам. Овој превод се појавил во 1770 година).

Плутарх го спомнува македонскиот јазик и во својата биографија за Марко Антоние. Познато е дека по смртта на Александар Велики Македонски неговата империја се распаднала, а со нејзините делови останале да владеат неговите врвни војсководители. Така, на пример, неговиот војсководител, другар од детството (а според некои извори и полубрат) Птолемеј Први останал да владее со Египет и некои околни земји. Тој ја основал династијата Птолемеи, која останала да владее со Египет и по неговата смрт. Најпознат потомок на оваа македонска династија е славната египетска кралица Клеопатра Седма. Во Биографијата за Марко Антоние, Плутарх посветува поголем простор на ликот на Клеопатра. Притоа тој индиректно споменува дека нејзиниот мајчин јазик бил македонскиот. Плутарх пишува:

„*Беше вистинско задоволство да се слуша звукот на нејзиниот глас со кој, како инструмент со многу жици, таа преоѓаше од еден јазик во друг, така што, имаше само неколку барбарски народи со кои разговараше преку преведувач, додека со поголемиот дел од нив таа директно разговараше. Такви беа: Етиопјаните, Троглодите, Евреите, Арапите, Сиријците, Медите, Партијците и многу други, чии јазици таа ги научи. Тоа беше уште поизненадувачко затоа што повеќето од нејзините предци кралеви одвај се мачеа да го научат египетскиот јазик, а некои од нив прилично го запоставија и македонскиот*“. (На

англиски: "*It was a pleasure merely to hear the sound of her voice, with which, like an instrument of many strings, she could pass from one language to another; so that there were few of the barbarian nations that she answered by an interpreter; to most of them she spoke herself, as to the Ethiopians, Troglodytes, Hebrews, Arabians, Syrians, Medes, Parthians, and many others, whose language she had learnt; which was all the more surprising, because most of the kings her predecessors scarcely gave themselves the trouble to acquire the Egyptian tongue, and several of them quite abandoned the Macedonian*." ("*Antony"* by Plutarch, во превод на англиски од драматургот John Dryden, кој живеел од 1631 до 1700 год. Електронска верзија на овој превод на: http://classics.mit. edu/Plutarch/ antony.html).

Ова многу значајно сведоштво од Плутарх ни зборува дека мајчиниот јазик на Птолемеите бил токму македонскиот јазик. Гледаме дека, според Плутарх, некои од нив (веројатно заради политички причини) го запоставувале македонскиот јазик на сметка на заедничкиот јазик коине (за кој ќе пишуваме во продолжение). Но, Плутарх не пишува такво нешто и за Клеопатра, што значи дека таа си го задржала својот мајчин македонски јазик.

Постојат и други сведоштва од Плутарх во врска со засебноста на македонскиот јазик. Некаде околу 75 година по Христа, врз основа на постари дела, Плутарх напишал биографија на Александар Македонски. Во оваа биографија (глава 53), опишувајќи една расправија помеѓу Александар Македонски и еден негов пријател, Плутарх запишал:

„*Александар... рипнал на нозе и почнал на македонски јазик да ги довикува своите штитоносци, што беше знак за голема вознемиреност...*“. ("*Alexander... breaking from them, he called out aloud to his guards in the Macedonian language, which was a certain sign of some great disturbance in him*." Плутарх: „*Александар Македонски“,* во превод на македонски, Скопје, 1994).

Ова сведоштво се однесува на настанот кога Александар помислил дека животот му е загрозен од неговиот другар Клит со кого се расправале во пијана состојба. Во еден миг Александар

помислил дека Клит сака да го нападне, па ги повикал своите телохранители (штитоношци) да го заштитат. Плутарх јасно пишува дека тој нив ги повикал на македонски јазик.

За да го објасниме значењето на ова сведоштво од Плутарх, потребно е прво да укажеме на неколку моменти. Познато е дека официјален јазик во Македонската империја (па и во војската) за време на македонската доминација бил јазикот коине. Тоа бил мешан јазик, создаден од елементи од извесен број јазици од народите кои биле во Македонската империја. Освен зборови од старогрчките дијалекти (кои притоа доминирале) во јазикот коине имало зборови и од други јазици. Овој јазик Александар го вовел заради практични причини. Веројатно тој бил свесен дека ќе наидел на голем проблем и отпор доколку се обидел сосила да го наметнува на разните народи во својата империја, за нив, не многу познатиот македонски јазик.

Мешаниот јазик коине подоцна бил форсиран и од македонските династии, кои останале да владеат со распаднатите делови од Александровата империја, како универзален јазик во земјите со кои владееле, исклучиво заради полесна комуникација помеѓу различните народи. Денес научниците сметаат дека јазикот коине всушност бил еден вид есперанто во тоа време.

Значи Александар со своите војсководители и војска (во која, иако доминирале Македонците, имало и голем број Грци, Тракијци, Евреи и припадници на други народи) официјално комуницирал на јазикот коине. Но, кога во еден миг, помислил дека неговиот живот е во опасност, тој инстинктивно проговорил на својот мајчин јазик, т.е. на јазикот што најпрво го научил во животот и што најдобро го познавал, а тоа бил македонскиот јазик. Ваквото негово реагирање е целосно во склад со човековата психологија и сигурно дека така би реагирале голем број луѓе кога би се нашле во слична состојба. Неговата инстинктивна и миговна реакција, за време на која тој, така да се каже, практично немал време да размислува како да ја склопи реченицата за повикување помош на туѓиот јазик коине, и знаејќи дека неговите тело-

хранители се исто така Македонци (факт е дека Александар во своето најблиско окружување имал претежно Македонци), е недвосмислен доказ за тоа каков бил неговиот мајчин јазик.

Многу децидно сведоштво за засебноста на античко-македонскиот јазик дал и латинскиот историчар Квинтиј Куртиј Руф (за кого не се знае кога точно живеел - некои сметаат дека живеел пред Христа, а други дека живеел во I век по Христа).

Позната е случката кога било судењето на Македонецот Филота, кој подготвувал заговор за убиство на Александар Македонски. Заговорот бил откриен и Филота бил јавно испрашуван лично од страна на Александар.

Квинтиј Куртиј Руф, опишувајќи ја оваа случка, сосема јасно запишал дека Македонците зборувале на засебен јазик. Тој дури цитира и изјава на самиот Александар Македонски, во која тој, обрнувајќи им се на Македонците во прво лице множина, го споменува (цитат): „*мајчиниот и нашиот јазик*“. Александар му се обратил на Филота со зборовите:

„*Сега тебе ќе ти судат Македонците. Те прашувам: дали ќе им се обратиш на мајчиниот јазик?*“

Филота одговорил одречно, со образложение дека, освен Македонци, имало присутни и припадници од други народи. На тоа, Александар им рекол на присутните Македонци:

„*Еве, гледате ли? До таму ли дошол Филота, та да се гнаси од мајчиниот јазик?... Но, нека зборува како што сака, а вие спомнете си дека тој подеднакво се отуѓил и од нашите обичаи и од нашиот јазик*“. (Quintus Curtius Rufus, "De Rebus Gestis Alexandri Macedonis", VI, 10; Квинтиј Куртиј Руф: „*Историја на Александар Македонски“,* во превод од латински на д-р Љубинка Басотова; Скопје, 1998 година, стр. 272).

Но, Филота не останал рамнодушен на овие обвинувања, па во својот одговор, рекол:

„*Мене ми се префрла што одбивам да зборувам на мајчиниот јазик и дека сум се грозел од обичаите на Македонците. Значи така јас му се заканувам на кралството, што го*

презирам? Но, уште порано, оној родниот јазик, беше напуштен во општењето со другите народи, па така и победниците и победените требаше да учат еден туѓ, странски јазик." (К.К.Руф, цит. дело, стр. 274).

Сепак, во обвинувањата против Филота се вмешал Александровиот војсководец Болон, кој, меѓу другото, го обвинил Филота дека (цитат): „...*иако бил Македонец, не се срамувал, преку преведувач, да ги ислушува луѓето што зборувале на неговиот роден јазик*".

И оваа случка е толку јасна во однос на постоењето на засебниот македонски јазик, што никаков коментар не е потребен. Исто така, од овој опис гледаме дека дел од Македонците, заради практични причини (поголема можност за општење со другите народи и сл.), го користеле и туѓиот јазик коине, иако меѓу себе, и натаму си зборувале на мајчиниот македонски јазик.

Гледаме и дека за време на судењето на Филота му било забележано од страна на Александар затоа што не сакал на Македонците да им се обрати на „мајчиниот јазик".

Филота, пак, го обвинил Александар за воведувањето на јазикот коине, па рекол дека македонскиот јазик одамна бил запоставен, така што сега и победниците (Македонците) и поразените (Грците, Персијанците и другите народи кои потпаднале под македонска власт) требало да го учат овој нов јазик.

На ова се вмешал Болон, кој го обвинил Филота дека, иако бил Македонец, додека ја имал власта, комуницирал со Македонците преку преведувачи. Ова е извонредно важно сведоштво и доказ дека во тоа време мнозина Македонци воопшто не го знаеле јазикот коине, па кога сакале некому да му се обратат, тоа го правеле преку преведувачи. Филота, иако го знаел македонскиот јазик, не сакал да ги слуша Македонците на својот јазик, туку инсистирал нивните зборови нему да му се преведуваат на јазикот коине.

Несфатливо е како потписниците на прогрчки ориентираното писмо не ги знаат овие елементарни податоци од биографијата на Александар Велики Македонски.

За засебноста на јазикот на античките Македонци постојат и други наративни антички сведоштва, а оваа вистина е прифатена и од современите научници. Само како илустрација наведуваме мапа од книгата "Ancient Languages of Europe" објавена 2008 на универзитетот Кембриџ (Edited by Roger D. Woodard во издание на Cambridge University Press, 2008) на која се прикажани територииите на кои во антиката старогрчкиот бил говорен јазик. Јасно се гледа дека најголем дел од Македонија (со исклучок на не многу населениот полуостров Халкидик, каде и навистина долго време опстојувале грчки колонии) бил вон грчкото говорно подрачје. Гледаме и дека на оваа мапа македонскиот јазик е претставен како говорен јазик во Македонија во антиката.

Мапа под наслов „Грчките дијалекти во првиот милениум пред Христа и соседните јазици“, објавена во книгата „Античките јазици на Европа“ (едитирана од Роџер Д. Вудард) во издание на светски реномираниот универзитет Кембриџ (Велика Британија, 2008, стр. 49-50). На неа јасно се гледа дека во античка Македонија говорен јазик бил македонскиот како соседен јазик на грчките дијалекти

Да заклучиме дека јазикот коине и навистина бил lingua franca во Македонската империја, но не затоа што Македонците биле „Грци“, туку за да можат (колку што е тоа можно) преку овој своевиден антички „есперанто“ разните народи во Империјата да комуницираат помеѓу себе.

Прогрчки настроените потписници на ова писмо, можеби случајно, и самите индиректно ја потврдуваат оваа вистина кога го употребиле токму терминот lingua franca. Имено, познато е дека терминот lingua franca доаѓа од италијанскиот јазик и означува трет јазик што се користи заради комуникација на луѓе кои немаат ист мајчин јазик. Тој трет јазик е различен од мајчините јазици на оние кои комуницираат меѓу себе. Штом прогрчки ориентираните потписници на писмото го употребиле токму терминот lingua franca, тие практично тврдат дека Македонците и Грците (но и останатите народи во Македонската империја) меѓу себе не се разбирале на своите мајчини јазици, па затоа било потребно создавање на трет јазик, а тоа е „заедничкиот“ јазик коине.

Аналогно на ова, дури и да ја прифатиме претпоставката дека античко-македонскиот јазик не постоел во својата писмена форма и дека прв писмен јазик на кој комуницирале античките Македонци бил грчкиот, тоа воопшто не значи дека античките Македонци се Грци. Како прво, наведовме сведоштва, според кои, тие речиси не знаеле ниту збор од говорниот грчки јазик. Како второ, во класичниот период само за Грците и за Римјаните се знае дека со сигурност имале свој писмен јазик. Па, зарем тоа значи дека сите народи што се користеле со нивното писмо и јазик биле Римјани или Грци? Ако гледаме така, испаѓа дека во целата антика постоеле само два народа, а тоа е несериозно и да се помисли. Дури и турко-монголските Бугари, по своето доаѓање од Азија на Балканот во VII век, пишувале со грчкото писмо, кое повеќе од век и пол, било официјално писмо во Првото Бугарско ханство/царство. Па, зарем и тие биле Грци? А, што е со останатите тогашни народи: Илирите, Тракијците и други, кои исто така пишувале на грчки? Па и Римјаните до II век пред Христа ги пишу-

вале своите хроники на старогрчките дијалекти. Па, зарем и тие биле Грци сè до II век пред Христа, за потоа, наеднаш, да станат Римјани?

Значи, користењето на писмениот старогрчки јазик од страна на античките Македонци, не претставува никаков доказ дека античките Македонци биле Грци. Освен тоа, старогрчкото писмо воопшто не е автентично, туку се знае дека тоа е само прилагодена варијанта на феникиското писмо.

Факт е и дека голем дел од оние ретки натписи во Македонија со старогрчко писмо, се полни со граматички грешки, што може да биде уште еден доказ дека тоа писмо на Македонците им било туѓо.

Впрочем постојат неколку десетици антички автори, кои сосема децидно тврделе дека античките Македонци не биле никакви Грци. Некои од нив се: Аријан, Апијан, Ампелиј, Демостен, Дексип, Дикеарх, Дионисиј Калифонт, Дио Крисостом, Диодор Сицилијанецот, Дио Касиј, Есхин, Зосим, Јосиф Флавиј, Јустин, Квинтиј Куртиј Руф, Кленеј, Клавдијан, Климент Александриски, Корнелиј Непо, Коен, Павсанија, Плутарх, Полибиј, Псевдо Скилакс, Созомен, Страбо, Тразимах, Херодијан и други. Сите тие во своите дела понудиле сосема прецизни податоци според кои античките Македонци биле различен народ од Грците. (Повеќе детаљи за овие сведоштва во книгата „*Старогрчки и други антички сведоштва за засебноста на античките Македонци*“ од А. Донски, која набргу треба да излезе од печат).

Денешните Македонци од Република Македонија се потомци и на античките Македонци

Во продолжение на писмото од грчки-спонзорираните потписници на Писмото читаме:

„*Одговорот е јасен: Александар Велики бил Грк, а не Словен, а Словените и нивниот јазик се појавиле во татковината*

на Александар барем илјада години подоцна. Ова нè навраќа на географската област позната во антиката под името Пајонија. Зошто луѓето кои живеат таму сега себеси се нарекуваат Македонци, а својата земја Македонија? Зошто тие сакаат да присвојат целосно грчка фигура и да ја направат свој национален херој?“ (На англиски: *"The answers are clear: Alexander the Great was Greek, not Slavic, and Slavs and their language were nowhere near Alexander or his homeland until 1000 years later. This brings us back to the geographic area known in antiquity as Paionia. Why would the people who live there now call themselves Macedonians and their land Macedonia? Why would they abduct a completely Greek figure and make him their national hero?"*).

Веќе наведовме повеќе сериозни докази (превземени од антички извори) од кои сосема јасно се гледа дека ниту Александар, ниту античките Македонци никогаш не биле никакви Грци, туку напротив, многу често во историјата, овие два народа покажувале нетрпеливост едни кон други, а неретко и жестоко војувале меѓу себе.

Денешните Македонци во голема мера се потомци и на античките Македонци и факт е дека сите негатори на денешната македонската нација се плашат да не излезат на виделина доказите според кои денешните Македонци се потомци на античките. Но, овие докази постојат и нивното обелоденување веќе е нашироко почнато.

Дури и во времето на југословенскиот комунизам (во времето кога денешна Република Македонија се наоѓаше под власта на комунистите во границите на Југославија) тенденциозно беше запоставувана античката македонска историја. Во бројни историски книги објавени во комунистичка Југославија античките Македонци не беа ниту спомнати. Во интерес на просторот овде ќе наведеме (навестиме) само дел од овие докази.

Факт е дека денешните Македонци зборуваат јазик кој е сместен во т.н. „словенска група јазици“. Но факт е и дека говорниот јазик не може секогаш да биде доказ за етничкото

потекло на еден народ. Денешните Ирци зборуваат и пишуваат на англиски, па сепак тие се горди на својата ирска етничка припадност. Ваков е случајот и со бројни африкански народи. Некои од нив како мајчин јазик зборуваат француски, некои англиски, па сепак припадниците на овие африкански народи не се ниту етнички Французи, ниту пак Англичани. Освен тоа, во јазикот на античките Македонци (барем во малиот број зачувани зборови, главно до страна на граматичарот Хесихиј), јасно се забележуваат зборови кои, според својот изговор и значење, се многу слични со денешните македонски зборови и со зборови од други словенски јазици. Оваа вистина може да ја согледа секој што ги познава словенските јазици, а истата е прифатена и од словенски лингвисти кои се занимаваат со оваа тема. Јасно е дека грчки-спонзорираните потписници на Писмото немаат ниту елементарни познавања од јазикот и од културата на денешните Македонци, ниту пак некој од нив ја има проучувано оваа област. Па како можат тогаш да донесуваат заклучоци за потеклото на современите Македонци, кога не знаат ништо за нив? Каков е тој нивни морал? Да пишуваш за нешто за што немаш ниту основни познавања? Но, тоа е нивни проблем... Одиме понатаму.

Факт е и дека денешните Македонци антрополошки се разликуваат од старите Словени, што е многу посилен аргумент во однос на јазикот. Познато е дека византискиот историчар Прокопие (Procopius) јасно ги опишал старите Словени како исклучително „*високи и развиени*“ луѓе. Тој пишува и дека сите до еден биле русокоси со црвеникава боја на косите и дека помеѓу нив немало ниту еден со поинаква боја на косата, освен русата (Procopius, *De Bellis*). Повеќе од очигледно е дека денешните Македонци (кои се главно со среден, па и низок раст и среде кои превладуваат црномурестите луѓе) имаат сосема поинакви антрополошки особини, што значи дека не можат да бидат чисти потомци на старите Словени.

Постојат византиски сведоштва според кои во VII век од Македонија во Мала Азија од страна на Јустинијан Втори биле

иселени огромен број Словени. Од забелешките на цариградскиот Патријарх Никифор (глава 34), кој живеел во IX век и од пишувањата на византискиот историчар Теофан (крај на VIII и почеток на IX век) може да се заклучи дека Јустинијан Втори во VII век од Македонија во Мала Азија иселил околу 150.000 Словени, од кои подоцна одбрал 30.000 способни за војна кои ги вклучил во борбените дејства против Арапите во 692 година.

Во македонскиот фолклор постојат огромен број народни песни, приказни, легенди и преданија со античко-македонска содржина регистрирани уште во XVI, XVIII, XIX и XX век. За некои од нив сведочеле и странски патеписци кои ја биле во Македонија.

Во македонскиот фолклор постојат бројни македонски народни творби за некои од античко-македонските владетели. Постојат и одредени фолклорни елементи (посебно во приказните), кои несомнено влечат корени од времето на античка Македонија. Такви се: мотивот со лавот (кој и навистина живеел во времето на античка Македонија и затоа е толку застапен во македонските народни приказни, но и во хералдиката); мотивот со царот со рог (приказна посветена на Александар Македонски); мотивот со рисот; мотивот со филозофот; мотивот со тројцата браќа (преземен од Херодотовата приказна за настанокот на македонската држава); култот кон водата; верувањето во гавранот како кобна птица и во орелот како победоносна птица и други. За сето ова постои обилна аргументација која, со малку труд преку компарирање на античко-македонскиот и денешниот македонски фолклор, секој може сам да ја провери.

Постојат и голем број обичаи, обреди и народни верувања кои останале уште од античките Македонци среде Македонците во XIX и XX век. Така, на пример, Херодот пишува дека на веселбите во античка Македонија мажите седеле одделно од жените. Овој обичај кај современите Македонци е евидентиран и од запишувачите на македонски народни умотворби од XIX и XX век, па дури е останат и до денес. Од античките Македонци останал и обичајот на кршење леб за време на свадбените обичаи, кој е спомнат од

биографот на Александар Македонски, Квинтиј Куртиј Руф. Од античките Македонци во денешниот македонски фолклор се задржало и третирањето на машкиот појас од народната носија како симбол за машкост (кое го запишал Аристотел, а исто такво верување е регистрирано и во XIX век). И подарувањето прстен на наследникот (пред умирачка) е обичај регистриран кај античките Македонци, а така е и со стрижењето на косата за време на голема жалост. Дури и античко-македонскиот обичај за избор на крал (што се одвивал преку масовен собир на војската и избор со акламација) останал среде Македонците од XIX век како обичај за избор на селски старешина. Античко-македонски елементи постојат и во прославите на денешните македонски народни празници: Лазара, Ѓурѓовден, Руса Среда и Прочка. Античко-македонски елементи се регистрирани и во денешните македонски додолски обичаи, кои се вршат за повикување на дожд. Од античките Македонци останало и верувањето во магиската моќ на змијата; потоа извесен број погребни обичаи и друго.

Во македонските народни умотворби регистрирани во XIX и XX век се забележуваат и огромен број елементи од античката митологија, неправедно позната во светот под името „Грчка митологија“. Доволно е само да се вложи малку труд и да се направи истражување за потеклото на т.н. „старогрчки богови“ при што ќе се види дека најголем дел од нив немале грчко потекло. И самиот Херодот тврди дека своите најглавни божества Грците ги превзеле од Африка, а така е и со нивните имиња. Во врска со ова Херодот во својата „Историја“ вели: „*Речиси сите имиња на боговите дојдоа во Грција од Египет“* (На англиски: *"Almost all the names of the gods came into Greece from Egypt")*. Исто така, со малку труд, секој може да докаже дека за најголем дел од сите досега познати антички и средновековни автори кои ги создавале делата посветени на оваа митологија, најголем дел или не биле Грци или нивното потекло не е познато. И голем дел од ликовите спомнати во митовите на оваа митологија немале грчко потекло, што исто така лесно може секој сам да го провери. Тоа практично била

митологија создавана и практикувана од неколку (главно балкански) народи и затоа се надеваме дека во иднина истата нема да биде несоодветно нарекувана „грчка“, туку можеби „балканска“ или „медитеранска“ митологија.

Постојат бројни мотиви во македонскиот фолклор наследени од оваа митологија. Ако се направи споредба на мотивите од античката митологија со мотивите од современиот македонски фолклор, повторно ќе се забележат фрапантни поклопувања. Некои од овие мотиви се: мотивот за самовилите (наследен од мотивот за античките менади); мотивот за персонализација на сонцето и небеските тела; мотивот во приказната за позлатување со допир; мотивот за ламјата и за змејот; мотивот за персонализација на судбината, среќата и смртта; мотивот за бог престорен како старец; мотивот за јуначките подвизи на средновековниот јунак Крали Марко (кои се поклопуваат со јуначките подвизи на Хераклe); мотивот за подземниот свет; мотивот за метаморфозите и многу други. (Повеќе детаљи за сето ова во книгата од А. Донски: „*Античко-македонското наследство во денешната македонска нација (прв дел - фолклорни елементи)*“, која на англиски е објавена под наслов "*The Descendants of Alexander the Great of Macedon - The arguments and evidence that todays' Macedonians are descendants of the ancient Macedonians (part one - folklore elements)".*

Конечно, постојат документи, според кои, голем број Македонци од XIX и XX век (наспроти жестокиот притисок од странските пропаганди) себеси се декларирале како директни потомци на античките Македонци. Секако дека ваквото себедекларирање тие го наследиле од своите предци, бидејќи тогаш не постоела Република Македонија за да биде „обвинета“ дека ги терала на такво нешто.

Ако досега наведените докази (кои овде само накратко ги навестивме) не се доволни, тогаш за на крај, ги оставаме современите генетски истражувања.

Имено, група истражувачи од Одделот за имунологија и молекуларна биологија, Х. 12 де Октубре, на Универзитетот

Комплутенс, од Мадрид (Шпанија) во соработка со Установата за лабораториско испитување на ткивата и крвна трансфузија од Скопје, под раководство на д-р Арниез-Вилена од Шпанија, спроведоа генетско истражување врз Македонци чии резултати ги споредија со истражувањата спроведени врз други медитерански народи. Цел на истражувањето била да се открие придонесот на Македонците и Грците во денешниот генетски влог меѓу медитеранските народи. За таа цел за прв пат меѓу Македонците беа проучени ХЛА (Антигени од човечки бели крвни клетки) класа 1 и класа 2 ДНК (Дезоксинуклеинска киселина).

Студијата *„ХЛА гени кај Македонците и под-сахарското потекло на Грците“* е објавена во угледното данско медицинско списание *„Тишју Антиџенс“* во февруари 2001 година (книга 57, издание 2, страници 118-127). Како резултат на сите овие истражувања, добиени се следниве заклучоци:

1) Македонците припаѓаат на постарата медитеранска основа, како Иберијанците (вклучувајќи ги и Баските), северно Африканците, Италијанците, Французите, Критјаните, Евреите, Либанците, Турците (Анатолијанци), Арменците и Иранците;

2) Македонците не се сродни со географски блиските Грци, кои не припаѓаат на постарата медитеранска основа;

3) Грците имаат значителна сродност со под-сахарскиот (етиопски) народ, кој ги разделува од другите медитерански групи.

Во Студијата, врз основа на резултатите, истражувачите констатираат дека:

„*Ова ја поткрепува теоријата дека Македонците се еден од најдревните народи кој постои на Балканот, изгледа долго пред доаѓањето на микенските Грци околу 2.000 години пред Христа*“.

Според резултатите на овие истражувања Грците имаат генетска сродност со под-сахарските етнички групи кои сега живеат во Етиопија, Судан и Западна Африка (Буркина-Фасо), а Македонците се блиски со Критјаните.

Навистина, пред аргументите и боговите молчат. Факт е дека постојат историчари кои сметаат дека творците на Микенската култура се Пелазгите (древен народ кој живеел и во Македонија). Вакватa можност е спомната и во енциклопедијата "Microsoft Encarta" (наслов: *Crete* и *Pelasgians*). Но, за ова поопширно во некоја следна прилика.

Дека денешните Македонци во најголем дел генетски се потомци на античките Македонци докажано е и во истражувачкиот проект спроведен во угледниот швајцарски генетски институт „иГенеа“. Директорот на „иГенеа“ Имна Пазос во своето интервју објавено во познатото белградско списание „Нин“ (27.05.2009), вели дека со генетските истражувања спроведени во овој угледен институт всушност е профилиран „генетскиот профил“ на народите чии припадници учествувале во ова истражување. Генетскиот материјал од старите народи бил земан од гробовите откриени во археолошките наоѓалишта и истиот потоа бил споредуван со генетскиот материјал земан од припадниците на современите народи. Врз основа на ДНК анализите спроведени во рамките на ова истражување, докажано е дека денешните Македонци во најголем дел се потомци на античките Македонци. Во спомнатиот напис пишува дека денешните Македонци со право се повикуваат на наследството на Александар Велики.

Со генетиката нема шега, па по овие најнови научни сознанија, секое тврдење дека денешните Македонци немаат врска со античките, испаѓа смешно.

Јасно е дека грчки-спонзорираните потписници на писмото не само што не ги знаат овие податоци, туку тие одвај дали имаат елементарни познавања за современите Македонци, а си дозволуваат да пишуваат за нив.

Денешната територија на Република Македонија е нераскинлив дел од целокупната територија на Македонија

Во продолжение на писмото од грчки-спонзорираните учени, читаме:

„Античките Пајонци можеби биле, а можеби и не биле Грци, но тие секако станале грцизирани, меѓутоа никогаш не биле Словени. Тие исто така не биле Македонци. Античка Пајонија била дел од Македонската империја. Но, такви биле и Јонија, Сирија, Палестина, Египет, Месопотамија, Бабилонија, Бактрија и многу други. Со тоа тие можеби привремено станале ‚македонски', но ниту една од нив никогаш не станала ‚Македонија'. Оттаму крадењето на Филип и Александар од страна на земја која никогаш не била Македонија, не може да биде оправдано." (На англиски: "*The ancient Paionians may or may not have been Greek, but they certainly became Greekish, and they were never Slavs. They were also not Macedonians. Ancient Paionia was a part of the Macedonian Empire. So were Ionia and Syria and Palestine and Egypt and Mesopotamia and Babylonia and Bactria and many more. They may thus have become "Macedonian" temporarily, but none was ever "Macedonia". The theft of Philip and Alexander by a land that was never Macedonia cannot be justified*").

Точно е дека околу етничкото потекло на Пајонците постојат разни мислења, а веќе наведовме податоци дека територијата на Пајонија се протегала не само на територијата на денешна Република Македонија, туку и длабоко во денешниот дел од Македонија што се наоѓа под грчка власт. Веќе спомнавме и дека Пајонија трајно престанала да постои како држава во III век пред Христа, по што станала составен и нераскинлив дел од Македонија. По овој период Пајонците веќе не фигурираат како посебен народ, туку тие постепено се претопиле, т.е. станале составен дел од античките Македонци. Причините за ова можеме само да ги претпоставиме, но очигледно дека Пајонците етно-културно биле слични со Македонците штом релативно бргу се претопиле со нив

и станале еден народ. За ова постојат и антички сведоштва. Познато е дека древниот балкански народ Бриги учествувал во етногенезата на античките Македонци (доказ за ова е сличноста меѓу нивните зборови). Според Страбо (VII, 38) постоеле антички сведоштва според кои и Пајонците потекнувале од Бригите (Фригите):

„*Некои ги претставуваат Пајонците како фригиски колонисти...“* (На англиски: "*Some represent the Paeonians as colonists from the Phrygians...*").

Но, рековме дека за етничкото потекло на Пајонците има различни мислења.

Прогрчки определените потписници на писмото ја споредуваат Пајонија со територииите на Египет, Сирија, Палестина, Бактрија и други, па тврдат дека и овие територии привремено биле „македонски“, но ниту една од нив (вклучително и Пајонија) никогаш не станала „Македонија“. Навистина не можам да поверувам дека вакво несериозно, па дури и ступидно, тврдење доаѓа од луѓе кои себеси се сметаат за „експерти“ за античка историја. Всушност тие овде се демантираат самите себе! Имено, веќе наведовме податоци според кои Пајонија во минатото се протегала и на територијата на денешниот дел од Македонија кој е под грчка власт. Па сепак и тој дел (иако порано се викал Пајонија) подоцна бил преименуван во Македонија! Во следниот период територијата на Пајонија се смалувала за сметка на Македонија (види во претходно објавените мапи на Пајонија во овој текст), по што Пајонија целосно исчезнала, а нејзината територија во целост била наречена Македонија. Постојат илјадници документи и сведоштва според кои областите на некогашна Пајонија, кои се наоѓаат во денешна Република Македонија, се детерминирани како дел од Македонија.

Практично целата територија на тогашна Пајонија (која имала променливи граници) почнала да се нарекува Македонија и тоа останало до денес. Постојат огромен број антички, средновековни и нововековни странски артефакти (мапи, патеписи, извештаи, сведоштва, записи од весници, списанија и книги, држав-

ни и други документи, историски, географски, етнографски и друг вид трудови, уметнички творби и многу други човекови артикулации, во кои деловите од денешна Република Македонија (градови, села, реки, планини, региони...) биле третирани како составен дел од Македонија и биле детерминирани со епитетот „македонски“. Премногу простор ќе ни одземе ако наведеме само мал дел од овие сведоштва. Сепак, бидејќи прогрчки определените потписници на писмото ги спомнаа мапите, како мала илустрација, од подолгиот список стари мапи од странски автори, во интерес на просторот, овде ќе наведеме само три во кои сосема јасно се гледа дека територијата на денешна Република Македонија, заедно со деловите од Македонија кои денес се наоѓаат под грчка, бугарска и албанска власт, претставувале една целина наречена - Македонија.

Мапата на античкиот автор Клавдиј Птолемеј (Claudius Ptolemaeos) од I и II век позната како Tabula Decima et Ultima Europae. На мапата јасно се гледаат делови од денешна Република Македонија како составен дел на тогашната античка Македонија

Познатата античка мапа Tabula Peutingeriana (IV век), на која исто така делови од денешната Република Македонија се детерминирани како една целина со целокупната територија на античка Македонија,

Мапата под наслов: Македонија, Епир и Ахаја (Macedonia, Epirus et Achaia) отпечатена во Дуисбург, 1589 година. И на оваа мапа речиси целата територија на денешна Република Македонија е прикажана како составен дел од целокупната територија на Македонија.

Во продолжение потписниците на писмото повторно си опонираат сами на себе. Овде читаме:

„Традициите на античка Пајонија би можеле да бидат практикувани од страна на денешните жители на тој географски регион со прилично оправдување. (На англиски: "*The traditions of ancient Paionia could be adopted by the current residents of that geographical area with considerable justification.* ").

Значи тие прво пишуваат дека денешните жители на Република Македонија се „Словени“, кои „немаат врска“ со балканските античките народи, а потоа пишуваат дека сепак денешните жители на Република Македонија можеле да ги „практикуваат“ традициите на античките Пајонци (!?). Дали тоа значи дека денешните жители на Република Македонија можат да ги практикуваат традициите на кој и да било антички народ, само не и на античките Македонци (иако токму тие се нивни предци)? Тоа ли е целта на нивното писмо?

Сепак, се чини дека овие „експерти“ за грчко-римска историја, дното на своето незнаење го достигнале во следниот пасус:

„Но не може да се оправда проширувањето на географскиот термин ‚Македонија' за да се покрие јужниот дел од Југославија. Дури и во доцниот XIX век оваа злоупотреба имплицирала нездрави територијални аспирации...“ (На англиски: "*But the extension of the geographic term “Macedonia” to cover southern Yugoslavia cannot. Even in the late 19th century, this misuse implied unhealthy territorial aspirations.*").

Ги повикувам потписниците на ова писмо да прашаат некого од своите студенти, па дури и ученици од некое средно училиште, да им кажат кога точно била формирана Југославија. Верувам дека ќе се изненадат откако ќе дознаат дека Југославија (под тоа име) била создадена дури во 1929 година (иако како држава била формирана во 1918). Оттаму, навистина не ми е јасно како можела употребата на терминот Македонија како „покритие“ за „јужниот дел од Југославија“, да имплицира „нездрави

територијални аспирации“ во XIX век, т.е. во времето кога Југославија воопшто не постоела!?

Во следниот пасус, на едно место, потписниците на Писмото едноставно - лажат! Овде читаме:

„Истата мотивација може да се види во училишните мапи кои ја прикажуваат псевдо голема Македонија, која се протега од Скопје, па сѐ до планината Олимп со натписи на словенски. Истата мапа и нејзините барања се среќава на календари, налепници, ***банкноти*** *и сл., кои циркулираат низ новата држава уште откако таа прогласи независност од Југославија во 1991“.* (На англиски: "*The same motivation is to be seen in school maps that show the pseudo-greater Macedonia, stretching from Skopje to Mt. Olympus and labeled in Slavic. The same map and its claims are in calendars, bumper stickers, bank notes, etc., that have been circulating in the new state ever since it declared its independence from Yugoslavia in 1991. Why would a poor land-locked new state attempt such historical nonsense? Why would it brazenly mock and provoke its neighbor?*").

За мапите веќе спомнавме дека постојат во голем број создадени од странски автори далеку пред појавата на Република Македонија. На тие мапи (од кои дел приложуваме овде) спомнавме дека јасно се гледа оти територијата на денешна Република Македонија сосема прецизно е означена како нераскинлив дел од целокупната територија на Македонија. Но, кога потписниците на писмото тврдат дека мапата на целокупна Македонија била отпечатена и на банкноти во Република Македонија, тие едноставно - лажат! Јавно ги повикувам да покажат барем една официјална банкнота отпечатена во Република Македонија на која е претставена мапата на целокупна Македонија! Такво нешто не постои, па освен епитетот манилупатори, овие светски учени овде со право го заслужуваат и епитетот - лажачи!

Воопшто несериозна е нивната тенденција да „докажат“ дека денешната територија на Република Македонија и делот од Македонија што се наоѓа под грчка власт, отсекогаш биле „две

посебни целини“. Тоа е ноторна бесмислица! Овие два дела на Македонија (заедно до делот што се наоѓа под бугарска и албанска власт) претставуваат нерасклинлива етно-културна македонска целина уште од антиката. За прв пат делот од Македонија што се наоѓа под грчка власт станал „грчки“ дури во 1913 година, т.е. во периодот по Втората Балканска војна, кога Грција, Србија и Бугарија воено ја одзеле Македонија од Отоманската (турска) империја и ја поделиле меѓу себе. Притоа грчката војска окупирала најголем дел од Македонија што го анектирала кон својата држава. Практично Грција воспоставила вештачка и случајно поставена граница внатре во македонската територија. Тоа била граница до која грчката војска, заради одреден сплет на околности, успеала да стигне пред српската и бугарската, кои пак, со своите војски исто така освоиле делови од Македонија. Оттаму навистина е апсурдно кога денешната грчка пропаганда, со помош на некои вакви странски „експерти“, се обидува да најде „историско оправдување“ за својата северна граница во која е вклучен дел од Македонија што грчката војска, заради одредени околности, имала можност да го окупира дури во 1912 и 1913 година. Вистината дека трите поголеми делови на Македонија (кои денес се наоѓаат под грчка и бугарска власт, како и делот што го завзема Република Македонија) од дамнина биле една целина наречене Македонија, денес е добро позната и во самата - Грција! Само како илустрација ќе наведеме дел од статијата "*All in a Name*" („*Сè во името*“) на грчката министерка за надворешни работи Дора Бакојани (објавена во "Wall Street Journal", 01.04. 2008) во кој таа, правејќи осврт на територијата на целокупна Македонија, пишува:

„*Терминот ‚Македонија’ отсекогаш бил користен за да опише поширока географска област од која приближно 51% е дел од Грција, 38% од неа припаѓа на ФИРОМ, а 9% од неа е во Бугарија.“* (На англиски: "*The term `Macedonia` has always been used to delineate a wider geographical region, approximately 51% of which is part of Greece, 38% of which is in Fyrom, and 9% of which is in Bulgaria*").

И што сега? Гледаме дека самата грчка министерка признава дека обата дела на Македонија (оној што ја опфаќа Република Македонија, која таа овде ја нарекува „ФИРОМ“ и оној дел што е под власта на Грција, заедно со делот што е во границите на Бугарија) биле составни делови на единствен регион наречен Македонија, а потписниците на писмото велат дека „грчкиот“ дел на Македонија отсекогаш во историјата бил „посебна целина“ во однос на делот на кој се наоѓа Република Македонија. Значи, овде потписниците на писмото (иако во најголем дел странци) паднале толку ниско што се прават поголеми Грци и од Грците!

Коментар за додатоците

Како додаток на Писмото приложена е извесна „документација“ како „поткрепа“ на истото. На најголемиот дел од оваа документација веќе одговоривме. Овде само ќе коментираме уште два нејзини сегмента.

Во едниот сегмент под наслов „Територијални аспирации“ ("Territorial aspirations") се вели:

„*Би сакале да одбележиме дека во 1929, правејќи напор да ги задуши локалните идентитети во унифицирана југословенска нација, кралот Александар од Југославија ја именувал оваа област како Вардарска провинција според името на главната река што таму тече. Погледнете ја, на пример, југословенската поштенска марка од 1939 на која античка Пајонија е именувана како Вардарска. Ваквиот напор за намалување на етничките тензии беше укинат од страна на Тито, кој го употреби ‚македонскиот' идентитет како моќ против југословенските грчки и бугарски соседи.*“ (На англиски: "*We would note that in 1929, in an effort to submerge unruly local identities into a unified Yugoslav nation, King Alexander of Yugoslavia named the region the Vardarska province, after the major river that runs through it. See, for example, the Yugoslav stamp of 1939 with the ancient Paionia labeled*

with the name Vardarska. This effort to reduce ethnic tensions was rescinded by Tito, who used the 'Macedonian' identity as leverage against Yugoslavia's Greek and Bulgarian neighbors.").

Веќе докажавме дека територијата на денешна Република Македонија уште од антиката била составен дел од целокупната територија на Македонија. Македонија и Македонците со векови се наоѓале под разни ропства, па во склад со тоа, секој поробувач ставал свои административни имиња на деловите од Македонија кои ги држел под своја власт. Ова е добро позната практика во сите земји и низ целата историја. Ете затоа југословенскиот крал Александар го именувал делот од Македонија што се нашол под српска окупација со името „Вардарска бановина". Српските окупатори на Македонија исто така сакале да ги денационализираат Македонците и да ги преселат во „Срби", а воедно и да ја избришат секоја македонска трага во тој дел на Македонија. Меѓутоа Македонците од овој дел од Македонија пружиле жесток отпор против обидите на српскиот режим за нивната денационализација што ги спровел југословенскиот крал, кој заради тоа бил убиен од атентат од страна на припадници на илегална македонска организација во Марсеј (Франција) 1934 година. Во Втората светска војна овој дел од Македонија се нашол под бугарска, германска и италијанска окупација по што Македонците повторно пружиле

жесток отпор, кревајќи вооружено востание за своја национална слобода, во кое, при крајот на војната, имало дури 60.000 борци. Токму тие анти-фашистички борци ја извојувале слободата на вардарскиот дел од Македонија и ја создале македонската република, иако во рамките на комунистичка Југославија, по чиј распад, во 1991 година, беше создадена Република Македонија.

Македонците се бореле за своја национална слобода и во деловите од Македонија кои останале под грчка и бугарска власт. Потписниците на писмото очигледно не знаат дека во 1925 година (дваесет години пред доаѓањето на власт на Тито во Југославија) грчката влада го признала постоењето на посебниот македонски ентитет на своја територија, па дури се подготвувала да дозволи школување на Македонците на својот македонски јазик. За таа цел грчката влада финансирала печатење на буквар на македонски јазик наменет за школувањето на македонските деца во делот од Македонија што останал под грчка власт, кој подоцна, под притисок на грчките националисти бил повлечен од употреба, а Македонците биле изложени на жестоки прогони, убиства, затворања, депортации, масовни иселувања и обиди за денационализација од страна на грчките режими. Постојат и други артикулации од грчка страна во кои се признава постоењето на македонскиот национален идентитет во рамките на Грција и пошироко, на што ќе се задржиме во некоја следна прилика.

Значи административното именување на Македонија од страна на нејзините окупатори низ историјата не може да се смета како „доказ“ за нејзиниот идентитет. Тоа е ноторна глупост! Па и територијата на денешна Грција додека се наоѓала под власта на Отоманската (турска) империја, не биле нарекувана Грција, туку „Јунанистан“, а Грците - „Јунанистанци“. Дали тоа значи дека денешните Грци порано биле Јунанистанци? И подоцна кога Грците кренале востание и за прв пат во историјата создале грчка држава со помош на европските сили во 20-те години на XIX век, одвај дали мнозинството од нив имале грчка национална свест. Познато е дека голем број тогашни жители на новосоздадената грчка држава себеси се декларирале како „Ромеи“, а не како Грци (секако како рефлексија на владеењето на Римското царство, а подоцна и Византија на нивниот простор). И не само тоа. Првиот грб на грчката држава бил речиси идентичен со оној на Баварија (Германија) и во него немало ништо „грчко“.



Грбот на грчката држава во XIX век



Грбот на Баварија

Грчкиот народ не го признавале ниту официјалните претставници на тогашните европски држави. Така, на пример, во времето кога била формирана „Филики Етерија“ во 1814 година во Виена се собрале европските владетели на т.н. Виенски конгрес. Грчките национални дејци отпечатиле обраќање и молба за ослободување на нивната татковина. Како претставници на Грците во Виена се појавиле угледните руски кнезови Јоанис Каподистрија и Александар Ипсиланти. Но нивното барање не било поставено на разгледување, а претседавачот Метерних им рекол дека „*не постои грчки народ и дека во Турција не се признаваат други народности освен турската*“. (Повеќе детаљи за сите овие документи донесени од руските архиви кај академик Блаже Ристовски: „Историја на македонската нација“, Македонска Академија за Наука и Уметност, 1999 год. ISBN 9989-649-57-X; стр. 10 -12).

Потоа, заради поволниот сплет на околности, грчката држава почнала да се проширува за сметка на Отоманската империја и да освојува и територии кои никогаш во историјата не биле грчки. Во 1881 година и по Втората Балканска војна Грција превзела голем дел од територијата на Епир (област југозападно од Македонија) од Отоманската (турска) империја. Меѓутоа, ниту Епир

